## 1. ЖАН-ПЈЕР СИМЕОН (ФРАНЦИЈА)

ЕЛЕГИЈА ЗА ОХРИДСКОТО ЕЗЕРО

*На Јордан Плевнеш*

Како сите што се без остаток посветени
На толку силната и пуста вера
И кои го ставаат увото врз исчезнатото тело
на гробот на Свети Наум
верувајќи дека ќе го слушнат како бие срцето на светецот
- тие ништо друго не слушаат
освен срцето на нивниот сон -
така еден ден некој сличен на Севишниот
го постави врз земјата на Македонија
- и тоа сигурно беше поет -
Охридското Езеро како уво дадено на светот
За да го слуша на подземното ехо од езерото
како бие неговиот пулс

Бидејќи што би бил човекот
Ако не беше носен како вознемирен чун
Барајќи го попусто брегот низ водите на милениумите
И што ќе беше минувањето низ еден обичен ден
Ако тоа не подразбираше неизвесно исчекување на
далечните ноќи
Од кои одекнуваат амфори и коски

Што ќе беше човекот
Тој вечен жедник по хоризонти
Ако знаеше дека неговата трага во езерото
Нема да остави ништо
Во сенките од минатото што се заспани
засекогаш во неговата совест
засекогаш тоа е неговиот аманет
од ритуали и соништа
И што ќе беше најпосле
Самиот свет
Без своите Охридски Езера
Без своите манастири скриени во карпите
Без вечно напуштената надеж

Без урнатините од толку многу војни
И без своите поети што ги плетат легендите
чекорејќи низводно по меморијата
босоноги и со раце отворени кон бурата
бидејќи тие се единствени што можат да разберат
дека песната на вековните тајни
ќе ги одбрани од вечните закани
од законите на ураганот

## 2. КАТРИН ПИЦ (ГЕРМАНИЈА)

НОЌИ ВО АТЕЛЈЕТО

да го отвориш прозорецот на ателјето би морал
да си авантурист беа зборовите на роднините
другите живеат во подобри услови
би морал, би морал и ти па кој ги избра
сонот и подот на ателјето
кој избра да станеш депресивен
да се отвори прозорецот кој избра

првин да си го измазниш џемперот
некому да му го измазниш џемперот
да измазниш уште еден иако на отворениот прозорец
сите смрзнавме како риби во лед навистина сите

заедно паѓање врз исо-перници и душеци
некој се лулка се лулка самиот, но не за да заспие
преку ноќ смрзна крвавењето во носот
на прстите ни мрзнеше крвта од неизбежното допирање

челични сајли намислени за закачување се смрзнаа во воздухот
на сликите им стоеја морничави сајли краевите ајде, ајде
и недостасуваа шините помошниците погледите
убоди во платното како во орган

некој ја нарече оваа соба затвор
но прозорците беа за нас отворени
за нас сѐ уште постоеше надеж
следните договори носеа заедништво
посетите на професорот нормалност
тогаш прозорците беа отворени испаруваа работи

сликите што ќе останат цели
што ќе бидат закачени закачени
што ќе се исцелат, исцелат
кои болести ќе ги стекнеме претходно
кои ќе бидат излечени, излечени
прозорците се отворени, рибите смрзнати

## 3. КАТИЦА ЌУЛАВКОВА (СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА)

НЕЖНО, НА ЗАЛЕЗ

Сјајот е најнежен кога западното Сонце
заоѓа зад планините
оставајќи го својот благ отсјај
помеѓу небото и земјата.

Тогаш растојанието меѓу видот и привидот
е мало, а самракот влече во длабокото.

Тогаш очите трепкаат, а душата потпукнува
како оган на згаснување.

Тогаш читам елегии од Борхес
и му правам друштво на Кавафис
на пат за Александрија.

Тогаш го замислувам Гилгамеш
како рика налик на лавица
по степите на Месопотамија
уплашен од бесмртноста
повеќе отколку од смртта.

Тогаш копнеам по луѓе
за коишто вреди да се страда.

Тогаш скитам во мислите
низ испустените македонски села
со трошни цркви и чудотворни икони.

Тогаш влегувам во манастирските дворови
каде што некогаш се палеле книги на клади
од чиста злоба
а Луната го префрлала, мајчински
својот кревок превез –
не толку за да го згасне огнот
колку за да не го гледа пеколот
што човек на човека му го прави.

## 4. ПЕТЕР ЗАВАДА (УНГАРИЈА)

$C_{17}H_{21}NO_4$

1.
Во април 1505 година, додека суровоста на шпанските земјопоседници
се впиваше во земјата на плантажите со кока на Инките,
грмушката кока, со своето карактеристично кадифено шушкање,
продефилира низ Европа.

Ова го раскажуваш додека твоите прсти се стегаат околу
студеното грло на шишето,
а шишето околу црниот, ребресто излеан вкус:
двоен опсаден прстен.

Мировен пакт, велам, меѓу трговијата и традицијата.
А какви привилегии носи!
Името остана, но активната состојка останува во заборав,
фрлена во заборав уште на почетокот на векот.

Сега се шпекулира само со пропорцијата на шеќери
во источноевропските верзии:
како се прилагодуваат на локалната политичка клима,
на моменталните метеоролошките услови.

2.
На Америко Веспучи му требаше време да ја забележи
необичната издржливост на перуанските рудари на сребро.
Дотогаш шпанските феудалци веќе одамна ги плаќаа даноците
во темно-зелени листови.

Според тебе она што е внатрешен немир во матичната земја
во колониите е задушливо спокојство.
А јас сум Абрахам Каули, доверлив,
дискретен секретар на кралската двојка на Англија,
и баш го составувам во форма на песна
првиот запис за грмушката.

„Ох, Западна Африка, Мексико, Колумбија!
Каде што во џунглата е опиплива различноста на видовите,

а зимзелените дрвја се високи шест-десет метри!
Раѓајте ни долгнавести, овални лисја,
Жолти цвеќиња со црвени шари!
Донесете петоделни плодови!
Ох, Редот на Слезовидните, ох пантропски таксон, Ох!

3.
Ја гребеш етикетата резигнирано, кривулестото
Спенсерово писмо, белата лента на црвениот диск.
Никогаш нема да дознаеме кои биле тајните состојки
во безбедните трезори на Сан Траст банката. Дали содржеа
солзи од бодликава круша од Корзика, потта на шарениот саламандер.

Како изгледа соединување на еден рецепт распарчен на половина
меѓу двајца директори на компанија склони кон навреденост,
зарем не е тоа најубавиот симбол на пријателството на принципи?
Во меѓувреме се чувствува зачинетиот црн мирис на кола оревите,
како се провлекува низ вековите.

4.
Во течноста се рефлектира лицето на ненаспаниот Фројд
како талка ноќе низ сите одделенија
на Allgemeines Krankenhaus, додека морфинизмот,
мигрената и импотенцијата ја губат, барем привремено,
битката против бензоилекгонин метил естерот.

Следно, група емигранти од 56 година, возбудено се симнуваат
од бродот во Камп Килмер. Стојат во редица на пристаништето
пред единствениот автомат за кока кола.
И сега, пред нашите очи, размачкани ленти на автопати
во облик на ѕвезда, во растворената ноќ во Атланта.
Врани меѓу темните бразди на полињата,
некаде во близина на фабриката за полнење во Дунахарасти.

## 5. ИВАН ЦЕПАРОСКИ (СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА)

СЕЛАТА НА СВЕТА ГОРА

*„Манастирите на Света Гора*
*се селата на света Богородица“*
*Доментијан Хилендарецот*

Колку се поголеми
градовите
од кои доаѓаме
на Света Гора
толку е поголема
нашата осаменост.

А тука нѐ дочекуваат
манастирите –
тие спокојни
села на Богородица,
тие цветни ливади
со расцутени дрвја.

Тие мирисни алеи
од монаси
кои стамено,
со молитвен мир,
пеат како
рајски птици.

Колку што се поголеми
градовите
од кои доаѓаме
на Света Гора
толку е и поголема среќата
од средбата со *небесните граѓани*.

## 6. РУИ КОИАС (ПОРТУГАЛИЈА)

ПРЕМИН

Рацеве ги милуваат часовите на патувањата,
столбовите и мозаиците, архитектурата на
виновите лози, на пепелта, и чекорат во молк. Потоа
ништо не ќе личи на центар, никогаш не ќе се вратиме
да го гледаме нишањето на патниците и мрачното црнило
на ноќта надвор што тече - ќе има ли смисла
да исчезнеме оставајќи трага? Да го оставиме
животот што постоел, нашата историја
што се претвора во немирна воздишка? Само фрагменти
гледаме веќе кога ништо не постои - таму беа огромните голи
дини и полињата што оставија темни силуети, и
луѓето кои живееја, но, гледајќи ги оддалеку, како
заклучоците да ни ја заматија сигурноста. Ништо
не е сигурно, ништо не станува разбирливо за да
го опфати светот во кој секој од нас всушност го следи
патот што одеднаш доаѓа и на крајот исчезнува,
а чија суштина не знаеме дали ја допираме. Не знаеме
ниту дали нашето е наше, ниту дали ќе допре до другите,
или, пак, е исечено стакло што секој гледа како се одделува
во хоризонтот од моментите на поврзување со животот
и со тоа што го живеел со другите;
или ако секоја точка е бескрај сама по себе,
тогаш е прав што останува покрај нас, одраз на сопствената
форма, апстрактна
почва каде престојува небото, морето, невремето, онаму каде
ние го созерцуваме крајот подложен на материјата, што
всушност е крајот.

## 7. ДИМИТАР БАШЕВСКИ (СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА)

ЕЗЕРО МЕЃУ ПЛАНИНИТЕ

Езеро со островче, света лузна,
порабено со ѓердан од анемони.
Од него свети окото на змејот,
господарот на длабокото.

Долу, на дното, прстенот на
девојката, верната на поетот.

Тој го остри перото. Ја врти
земјината топка. Тој прави небо
со жар-сонце што удира право
во јаросното око на змејот.

Во последниот стих пламнува
езерото. Тој наоѓа облак толку
лесен кој не покрива, ни дожди.

И, езерото се суши и поетот по
стихувана скала се спушта на
дното и со една самогласка
го зема прстенот злат, според
поетиката на родот.

## 8. ПАТРИК КОТЕР (ИРСКА)

ПЕСНА ЗА ТОП ЛИСТА

Пред војната, детето кое чекореше само на раце
можеше да гази и на стапала да сакаше, но му се допаѓаше
кога, чат-пат, трепките ќе му ја допреа земјата по која
се забавуваше гледајќи ги авантурите на мравките,

фаќајќи гасеници со долги тела и влакна, за потем да ги свлечка
назад во нивниот брлог на голема гозба. Штом се наводенеше земјата,
се појавуваа прсиплева полжави кои со рокчињата му го скокоткаа
носот. Можеше да води тајни разговори со сопствената сенка,

да си шепотат меѓу себе шепоти нечујни за никого
освен за црвите и уволажите кои бргу-бргу бегаа под лисјата.
Дома, пак, јадеше од кучешка чинија на подот оти така
мајка му го разгали. Кога ќе си легнеше ноќе, висеше наопаку

како празна јамка на бесилка, обесен на чатмите од таванот.
Мајка му на луѓето им велеше дека се школува дома, тврдеше дека е
страшно интелигентен бидејќи вака повеќе крв му течела низ мозокот.
Сè ова сопре дента кога немаше кому да му се исплаче, кога

останаа само крвави капки од останки на тротоарот каде стоеше
татко му кога го распарчи распрснатиот шрапнел. Пред војната,
штом ќе се расплачеше, татко му ќе се наведнеше дури додолу,
ќе си ги допреа лицата и ќе го прашаше „Каде ја научи песнава?

Ова е чудесна песна. Песна за прво место на топ листите. Па јас никогаш не сум чул подобра песна“. Плачењето на детето веднаш се престоруваше во смеење. Впрочем, имаше ли некаква причина  тоа дете да плаче пред татко му да почине во војната?

## 9. ЗОРАН АНЧЕВСКИ (СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА)

ПРИРОДА И ОПШТЕСТВО

1.
Езерото скипнало, а по него
и помладите му браќа – бунарите.
Рибите се мрестат на суво
и се лесен плен за птиците и луѓето.

Жабите престанаа да крекаат –
сега нам ни е редот да пееме тажачки
за тоа што самите си го одрековме.
Сноп зраци го цепи есенското небо

и ја пребарува површината на езерото
за да ги најде рибите избегани
од окатите мрежи на крадците
и да им ухне нова верба во животот.

2.
Темно е пак во мојата езерска земја –
убавината ѝ е обесена на суви дрвореди
што сенки се на монаси во бавна литија.

Од очите ѝ истекуваат тешки преселби:
ни стожерот веќе не може да ги додржи
душите со боја на снег што заминуваат.

Тука нема ни тешкото оро кој да го заигра,
дури и зурлите здурнале отаде споменот
на вишните врвој што не сме ги заслужиле.

Ни боливачот нема кој за иљач да го збере
по ливадите покриени со стргунки од слана,
житото мувла го фаќа неврзано в снопје.

Гледам, мовлести молци идат во густи јата,
од нив и клопотарците смрзнале од страв –
ваква тишина и јанѕа никогаш не ја било:

се калапи густо ко бала суво тутунско лисје
и најавува зима со тешко, превртено небо.

## 10. ЛОР КОМБО (ФРАНЦИЈА)

ЗА МАЛКУ ЌЕ СЕ ВЉУБЕВ ВО ЕДЕН СТОЛ

но ти седна врз него
под ѕидниот часовник од бутната коска
па помисли дека очите ми се порти

духовите во мене се топеа со дождот
остана само неколку бавни камчиња
што танцуваа и се вртеа
ти не ја носеше вечноста на секој кат

за малку ќе се вљубев во еден стол
но ти седна врз него
под ѕидниот часовник од бутната коска
ги разредив дождовните капки по боја
по возраст и температура

ги оставив очите твои и секаква надеж со куферите
покрај шалтерот со луѓе
и се вратив во демонската утроба
следејќи ја зелената месечина за големи нешта
ме праша за насоката на безбојниот пат
патот кон заразата

тогаш низ клучалката на древната брава
ти покажав што е вистински живот
од другата страна на урнатините и сронетите делови на реката
натоварена со души и ангелски сокови од сите земји
сплотени за да ги победат зборовите и главите што со игри на среќа се занимаваат

за малку ќе се вљубев во еден стол
но ти седна врз него

## 11. ЉУЉЗИМ ХАЗИРИ (СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА)

ЕСЕН Е…

*(На Линдита Ахмети, поетеса)*

Паѓаат листовите од магнолијата оваа есен
Како што паѓаат остарените ангели во сон
Молкум се простираат на зелената трева
Се покриваат еден со друг грбот да не им мрзне
Потоа провејува ветар од сон ти скорнува
Зашто доаѓаат други ангели како болест жолти
Како од небо паднати се лелеат бавно
Легнуваат над земјата за почивка прават место
Есен е…

## 12. ТОМ ПЕЦИНИС (АВСТРАЛИЈА)

### СТАРИОТ МАЕСТРО

*(Микис Теодоракис, „Пале театар“ [Palais Theatre], Мелбурн)*

Чекори, дустабанлија, до пултот што го чека,
главата стежната од седумдецениски сништа,
од композиции што им пркоселе на петолинија,
еха од тоа што се претворило во песната за Зорба.

Со седава е коса како на древен пророк,
премногу здивена за чешел од прогонство долго,
спотнува непредвиден шум на партитурата
и го подготвува оркестарот со кимање глава.

Алегро: дланките збувнати ко шарени жаби
се претвораат во ластовици што параат
зимски облак над сретсело, ткаат гнезда
од парчиња надеж, темничиште и очај;

чиниш раце се на грнчар, што сплотени
гмечат, вртат, обликуваат немо време,
ѝ даваат заобленост на трогателна тема –
амфора со млади луѓе во прецизен танц;

потоа, небаре раце на бабица, без страв,
се зариваат во утробата на виолончелото,
извлекувајќи звук на новороденче, издолжен
вресок, кренат високо, радост за сечие око.

Пијанисимо: неговите движења се галежни,
утешни, за девојка набркана од Солун,
која, плачејќи згуснати ѕвезди,
свива кадрици бодлив тељ на своето теме;

гушка гробишта изорани од тенкови,
сега прекриени со месечева светлина и вар,
каде душите си ги збираат расфрлените коски
за утре да се фатат на невестинско оро.

Крешендо: очите затворени, звукот засилува,
во него фрла мрежа од збрчкана кожа
што се бори против гравитацијата и просторот
и со удар ја враќа тишината меѓу нотите –

неговите закосени плешки, испакнати
и подвижни под лабавата црна кошула,
санким крила се архангелски чиј замав
ќе ги крене до рајот тие што останале без здив.

Незабележана од никого, левата пета му се крева,
подзастанува, како на спринтер спремен за финиш,
но само по едно срцебиење, ако не и за половина,
се спушта повторно долу, заедно со обете раце.

Збунета за миг од крајот,
седнатата публика наеднаш се крева со аплауз,
се поткрева напрсти извикувајќи: бииис, бииис,
маестро, магионичар, чудотворец.

Истрошен од возбудата што ја принел на илјада срца,
се поклонува и чекори кон таму од каде што дојде:
пак престорен во тело со крупни шаки отстрана,
папсана тежина што надолу го влече кон сенката.

## 13. ФИЛИПА САРА ПОПОВА (СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА)

ЕКОКОЖА

Телото ми е сува црвена глина,
а душата преписка меѓу умрени богови. Сама,
како заспана риба пливам наопачки
во пресушена река. Барам
плисок на море, а увото
се претвора во скршена школка,
сета жед во ѓубриште
и секој жубор во асфалт.

Телото ми е сува црвена глина
која некогаш бдеела бујна вода. Сега
си бдеам над мртвата јас
ги бладам сите чинки, ги следам сите обреди
се тријам до избледнување
се ѕверам во себе до исчезнување.
Повторно ја свлеков кожата,
ќе има ли нова овој пат?

**14. ОЛИМБИ ВЕЉАЈ (АЛБАНИЈА)**

ВРЕМЕТО НА КАМБАНИТЕ

Се надевам, но
доаѓа времето на камбаните
со мртвите што воздивнуваат
под црните одела
Воздухот се напрега под тивкиот товар
на анксиозноста, во дворот на црквата
омеѓен со мирис на парафин
Ангели се бесат на ѕидовите
според верувањето и желбата
друга форма има времето
под уморните лица на светците
и бучните псалми
Би сакала да умрам
во некој од овие денови
без мојот атеизам
и далечната еротика
што допира до небото
Пред молитвите и свеќите

## 15. ИВИЦА ЧЕЛИКОВИЌ (СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА)

### СОМНИТЕЛНА ПЕСНА

Морнарите на пристаништата на северните морињa
зборуваат со неразбирливи јазици
и со замаглени телесни форми
ги оставаат своите лица на тврдите столови во крчмите

некој напишал неколку реда
држејќи го распетието на градите
во сенката од избледените корици на библијата
исполнета со нови поглавја

тешко се распознаваат буквите
кои меѓу себе водат застрашувачка војна
која не знае како да се прошири
на континентот

никој не знае
сите се сомневаат
го спуштаат едрото
и се вртат кон морската шир
самите себеси препуштени

мрморејќи дека враќањето што им е одземено
едноставно не постои

## 16. ШИ ЧУАН (КИНА)

СИ ЈА ЗАТСКРИВАМ ОПАШКАТА

Си ја затскривам опашката, смешан со сите луѓе што си ги кријат опашките.
Се наведнувам со наум да ѝ се доближам на сенката, но и сенката се збила спремна да јурне в трк.
Кога би се напил до заситка ледена вода, ќе смогнам и да го удавам говорот на мислите.
Чекорејќи, рацете си ги крилам, ама без да измолувам што и да е на светов.
Сепак, може ли да се случи нешто само од себе да ми падне в раце?
Прст се пресекол од срча, одлетал комарец невиден од никого.
Очите си ги вежбам, да ми се изострат ко очи соколови.
Така, смогнувајќи сѐ јасно да видам,
безизлезот на срцето ќе нема веќе каде да ми бега.
Во случај, пак, да ми се доближиш, нема како да те видам низ телескоп. Го наместив телескопот токму тебе да те гледам, та затоа држи се што подалеку од мене.

Петелка на улица, да не си ти случајно скршеното нокте на „Шӣ Шӣ“?

Кога други ги повторуваат глупостите што јас сум ги направил, тоа е, немам како да ги спречам. Но кога самиот си ги повторувам, на тој начин просто покажувам колку сум итар.
Не умеам да стојам покрај лудите со раце врзани од злото на нормалните, ниту, пак, можам да стојам крај нормалните со раце врзани од злото на лудите.
Умниот човек гледа како да си го потроши разумот пред стемнување.
Со кренатa глава ја набљудувам месечината, налегнат врз ѕвончето на велосипедот, притоа не можам да се воздржам како коњ да не за‘ржам кон месечинава. А на месечината – сѐ е тивко.
Вторник, тенок прамен чад над изгаснатата свеќа.

Среда, јужните муви ги надвија северните муви.

Со автомобилски издув ги свикувам глувците на собрание. Тие се задоволни и едногласни: Светот навистина треба да оди по ѓаволите, но тие нема да одат по ѓаволите.

Не плашете ги луѓето, плашете ги оние луѓе што не се луѓе; тие треба да бидат преплашени, исто како што треба и да им се подлизуруваат.

Со паричка исцртувам карта врз твојата кожа.

Ја одмеруваш тежината на небото. Добро де, колку за забава.
Но ако си сериозен, тогаш ќе те иштипкам до смрт.

## 17. САНДЕ СТОЈЧЕВСКИ (СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА)

УДОЛУ

Ангелите паѓаат од високите
симболи, огрдени се вртат
накај удобноста во старите
стихови, преку очите ги бие

остра сувомразица од горе,
од отворената вселенска
инка, солза од безмилосно
око, загледано во светови

што чекаат да го пречекорат
прагот на нови или на стари
симболи, развеани на студот.

Да се мрнеше макар дрво
на рид, крцкот на сува гранка,
како во оние славни елегии.

## 18. КЛАУДИО ПОЦАНИ (ИТАЛИЈА)

МАРШОТ НА СЕНКАТА

Јажиња од небо паѓаат
и синџири студени околу тебе танцуваат
Свет е од јазли
што в мрак треба да се одјазлат
меѓу две
фосфорни и врескотни молскавици
Преплет е од јажиња
од ножици што се отимаат
Чешел што се заплеткува
во коси безрасудни

Сенка е... сенка
Одново е мигнување на трепки

Околу мене ѕидови гледам
и огледалото мое ѕид станало
кожа од ѕид врз дојките ти пораснала
и сетилата мои во ѕид се реинкарнирале
И сè уште молитви и клетви врнат
што во допир со песок испаруваат
и сè уште во отровен молк ползат
прилози, придавки, зборови безвучни

И сенка... сенка...
и одново мигнување на трепки

Одблесокот на сонцето само
во виножитните дождовни вирови го гледам
присуството на месечината во мракот го насетувам
по далечниот лаеж на врзани кучиња
Мојот мир не е отсуство на војна
Мојот мир е отсуство на поимот војна

Не сенка... сенка...
сал мигнување на трепки уште едно.

## 19. ГЛИГОР СТОЈКОВСКИ (СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА)

### ДОАЃА

*На-доаѓа*
од мемливите потони
здив на црн блесок
со широк замав
со прсти згрчени
гребе во древни ѕидови
да се ослободи топлината
се провира низ метални ходници
ги шири
ги топи
им отвора пат на заточените
на силните
на дланките им расте
доаѓа
со блед знак на челото
изговара важни зборови
во јамите
во бездните заборавени
ги создава повторно
за да се возобнови
големото чистилиште
во живото поле на пепелта

## 20. КАЛИНА ИЗАБЕЛА ЗИОЛА (ПОЛСКА)

ДВЕ ПЛАНЕТИ

зборуваме на различни јазици
не затоа што живееме во различни земји
туку зашто доаѓаме од различни планети
ти си од Марс, а јас од Венера
ти си воин совојувач
а јас романтична ѕвезда скитачка сонувачка
ти Тарзан, јас Џејн

понекогаш се сретнуваме на половина пат
бараме тесно патче покрај морето
за да го фатиме ветрот во рацете или за да ги изброиме ѕвездите на нашето заедничко небо

а потоа пак се оддалечуваме
се заклучуваме во нашите одделни светови
каде не значи да, а да значи не
Јас не можам да те чујам, ти не можеш да ме разбереш
Ти си Тарзан, а јас Џејн

## 21. СУЗАНА В. СПАСОВСКА (СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА)

СВЕТО ДРВО

Тоа е секогаш во средиштето на градината
Независно од тоа која градина

Секоја градина
си има свое свето дрво
и свој народ што го чува

Многу народи
си имаат свое свето дрво
кое го бранат со своите животи

Само под земјата
сите свети дрва
од еден заеднички корен се хранат
– дрвото на животот

## 22. ДАВОР ШАЛАТ (ХРВАТСКА)

### СО НЕСОНИЦАТА ДА СИ БЕСЕДИШ Е ДОБРО

Врз тебе легнала прашината на вината,
огнот наизменично пламти во твоите бедра и очи.

Зборот е топка
што ти, колку повеќе ја стискаш
толку полесно паѓа од рацете.

Со несоницата да беседиш е добро,
со тој мал театар на падови
во кој актерите ти подаруваат катарза,
небаре е лечбено билје.

Утрото е измислица за наивните,
надворешна светлина која
не допира до кртицата на дното.

Твојата вина те спасува
од наместена победа,
ти носи милосрдно огледало
кое те прашува и те теши.

Како мајка излупена од сѐ
што не е мајчинство.

## 23. ЈОВИЦА ИВАНОВСКИ (СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА)

КАЛИНКА НА ДЛАНКА

Зората ги преви раните на ноќта.
Утрото падна од боровите, не како
шишарка туку како смола врз кола.
Ролетните се креваат со две раце.
Заливот го кроти морето како
веце-шолја проливот.
Грицкам сламка додека тревата
расте 3 до 4 милиметри на ден.
Кану без весло е ко весло без кану.
Калинки отворени за моите дланки.
Гаќите за капење се сушат безжично.
Млада вечер, постар сум одповеќето.
Светулките се паднати ѕвезди што
го бараат патот до нашите чела.
Краток е векот на божолето, краток е
векот на сè што се родило и никнало на
оваа совршена планета.
Целиот сум испрскан од крвта на
калинката што предмалку, како ранета
партизанка, ми почина на раце.

## 24. ФАРИД ХУСЕИН (АЗЕРБЕЈЏАН)

КАКО СОН

Ни преостануваат премногу
прекрасни денови.
Поради овие моменти, полагаме
право засекогаш да зборуваме за минатото.
Имињата ни се врежани
врз дрвото кое фрла сенка
среде една голема катастрофа.
Немаме гнев за вчерашниот ден.
Намерата во нашава приказна е добра,
ако си зборуваме само на истите теми,
тоа не значи дека сме стари.
Гревовите ни ги ослепеа очите,
кон сонцето не можеме ни да погледнеме.
Разделбата нема да е болна и
нема да ја разрани живата радост.
Светот се беше сторил прозорец –
погледнав низ него и те видов,
па каде и да одев
со себе си го носев прозорецот
кој кон тебе гледа.